ПРЕДЛАГАЧИ: ГРУПА ПРАТЕНИЦИ

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ,
# ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје, февруари 2026

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| Примено: E pranuar: 06. 02. 2020 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 909/1 | | |


ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

Бојан Стојаноски
Bekim Qoku
Бобан [illegible]
Марија Петрушевиќ
Каролина Насковска
Лидија Петкоска
Даниела Христов
Олга Лозановска
Моника [illegible]
Бране Петрушевски
ПАВЛЕ АРСОСКИ

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИТЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Управниот одбор на ЗЕЛС, на 3 февруари 2026 година, до Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија и Министерството за транспорт, достави барање со цел да се овозмои продолжување на рокот на Законот за постапување со бесправно изградени објекти заклучно со 2031 година. Имено Управниот одбор на ЗЕЛС на својата седница одржана на 30 јануари 2026 година, меѓу останатите точки ја разгледал и иницијативата на општина Битола (подржана од повеќе општини) за поднесување на барање до овластен предлагач со цел изменување и дополнување на Законот за бесправно изградени објекти, чија важност заклучно со 3 март 2026 престанува, па оттука постапките кои се водат пред општините како надлежни органи треба да запрат по сила на закон, во таа фаза во која се.

Во самото барање од Управниот одбор на ЗЕЛС е образложено дека голем дел од постапките не биле завршени поради водење на судски спорови поврзани со правата врз изградените објекти, судски постапки поведени во рамките на постапката која се води пред општината, одложување на донесување на управни акти во постапката поради наследни и други имотно-правни околности кои требало да се решат како претходно прашање во постапка, како и други непредвидени околности, при што продложувањето на рокот има за цел само доврշување на постапките кои се веќе отпочнати, а не и доставување на нови барања и оформување на нови предмети за постапување.

Од овие причини како и заради овозможување на конзистентност на правниот систем во државата, се пристапи кон донесување на овој закон.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Основни цели на Предлогот на Закон за изменување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти е овозможување постапките кои сеуште се водат пред општините како надлежни органи да се завршат со донесување на правосилни управни акти.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на Закон за изменување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти не предизвикува финаниски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложениот закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија и спроведувањето на законот не повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Согласно член 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, имајќи во предвид дека не се работи за сложен и обемен закон, се предлага Собранието да расправа по Предлог на законот по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА

ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ

Член 1

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 174/21) во членот 5 зборовите „петнаесет години“ се заменуваат со зборовите „дваесет години“.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Предлогот на Законот за изменување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти е систематизиран во 2 члена.

Со членот 1 се менува рокот за примена на одредбите од законот, така што истиот се продолжува за уште пет години, односно наместо март 2026 година истиот да продолжи да важи заклучно со 3 март 2031 година. Ова од причини што во општините се пристигнати голем број на барања и продолжувањето на рокот се бара со цел да се овозможи постапките кои сеуште се водат пред општините како надлежни органи да се завршат со донесување на правосилни управни акти. Продолжувањето на рокот не овозможува поднесување на нови барања за постапување со бесправно изградени објекти.

Со членот 2 се уредува влегувањето во сила на законот, кое е предложено да биде со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“ од причина што рокот за важност на одредбите на Законот се заклучно со 3 март 2026 година, а не се менува ништо суштински во самиот закон, туку се овозможува постапување по доставените барања во општините, кои поради повеќе причини поврзани со самите постапки не биле во можност да одговорат навремено согласно досегашниот рок од вкупно 15 години од март 2011 година, кој во периодот од 2011 година бил во два наврати продолжуван.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во одредбите од овој предлог закон се меѓусебно поврзани и се надополнуваат и како такви прават една правна целина.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените решенија ќе се овозможи постапување по започнатите постапки за постапување со бесправно изградени објекти, со цел нивно завршување со донесување на правосилни управни акти.

## ИЗВОД
## НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ

Член 5

Во членот 33 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (“Службен весник на Република Македонија“ број 23/11 и 124/15), зборовите: „десет години“ се заменуваат со зборовите: „петнаесет години“